Влада на Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА РАБОТА НА ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО ЗА 2026 ГОДИНА

| | | |
|---|---|---|
| Дел. Бр. | 02-799/3 | м-р Васе Анакиев<br>Директор на Државниот инспекторат за земјоделство |
| Датум: | 17.11.2025 година | |
| Место: | Скопје | (м.п.) |

Содржина

*I. Резиме ... 4*

*II. Анализа на ризици ... 5*

*Прилог 1 Табеларен преглед на планирани редовни инспекциски надзори со %-процент на застапеност според степен на ризик по месеци и закони за 2026 година ... 7*

*II.1. Дефинирање на ризични области ... 9*

*II.2. Извори на информации и податоци за идентификување и утврдување на ризикот ... 10*

*II.3. Следење на работата на инспекциски служби и проценка на ризик ... 11*

*II.4. Критериуми за идентификување субјекти на инспекциски надзор ... 13*

*III. Организација и раководење ... 14*

*III.1. Правен статус на институцијата ... 14*

*III.2. Раководство ... 14*

*III.3. Надлежности ... 15*

*III.4. Организациска структура ... 16*

*III.5. Состојба со човечки ресурси ... 17*

**Табела 1 Преглед на бројот на инспектори кои ќе вршат инспекциски надзор, по вид, возраст и звање ... 19**

*Графикон 1 Преглед на бројот на инспектори по вид и звање кои ќе вршат инспекциски надзор 19*

*Графикон 2 Преглед на бројот на инспектори кои ќе вршат инспекциски надзор по вид во %19*

**Табела 2 План за нови вработувања и пензионирања на инспектори ... 20**

*IV. Инспекциски надзор ... 21*

*Дополнителна Табела 2 Преглед на вкупниот број на планирани надзори по вид за Државен фитосанитарен инспектор и Државен земјоделски инспектор за 2026 година ... 21*

*Графикон 3 Преглед на планирани инспекциски надзори по вид и очекувани неправилности - инспекциски мерки по вид за Државен фитосанитарен инспектор и Државен земјоделски инспектор за 2026 година ... 22*

*Дополнителна Табела 3-1 Преглед на вкупниот број на планирани надзори по вид за Државен земјоделски инспектор за 2026 година ... 22*

*Дополнителна Табела 3-2 Преглед на вкупниот број на планирани надзори по вид за Државен фитосанитарен инспектор ... 23*

**Табела 3 - Преглед на вкупниот број на очекувани неправилности и инспекциски надзори според вид во 2026 година, по региони и општини (за вид Државен земјоделски инспектор и Државен фитосанитарен инспектор) ... 24**

*Графикон 4 - Преглед на вкупниот број на планирани неправилности, инспекциски надзори според вид: редовен, вонреден и контролен надзор, во 2026 година, по региони ... 26*

*Дополнителна Табела 4 Преглед на вкупниот број на очекувани неправилности и инспекциски надзори според вид за периодот 2026 година, по закони ... 29*

Влада на Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА РАБОТА НА ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО ЗА 2026 ГОДИНА

| | | | |
|---|---|---|---|
| Дел. Бр. | 02-799/3 | | м-р Васе Анакиев |
| | | | Директор на Државниот инспекторат за земјоделство |
| Датум: | 17.11.2025 година | | |
| Место: | Скопје | (м.п.) | [потпис] |

Содржина

*I. Резиме ....................................................................................................... 4*

*II. Анализа на ризици ....................................................................................... 5*

*Прилог 1 Табеларен преглед на планирани редовни инспекциски надзори со %-процент на застапеност според степен на ризик по месеци и закони за 2026 година................................ 7*

*II.1. Дефинирање на ризични области ................................................................ 9*

*II.2. Извори на информации и податоци за идентификување и утврдување на ризикот ...............10*

*II.3. Следење на работата на инспекциски служби и проценка на ризик ..........................11*

*II.4. Критериуми за идентификување субјекти на инспекциски надзор ...........................13*

*III. Организација и раководење ........................................................................ 14*

*III.1. Правен статус на институцијата ................................................................. 14*

*III.2. Раководство............................................................................................. 14*

*III.3. Надлежности............................................................................................ 15*

*III.4. Организациска структура ......................................................................... 16*

*III.5. Состојба со човечки ресурси ..................................................................... 17*

**Табела 1 Преглед на бројот на инспектори кои ќе вршат инспекциски надзор, по вид, возраст и звање ............................................................................................................... 19**

*Графикон 1 Преглед на бројот на инспектори по вид и звање кои ќе вршат инспекциски надзор 19*

*Графикон 2 Преглед на бројот на инспектори кои ќе вршат инспекциски надзор по вид во %19*

**Табела 2 План за нови вработувања и пензионирања на инспектори..........................................20**

*IV. Инспекциски надзор.................................................................................... 21*

*Дополнителна Табела 2 Преглед на вкупниот број на планирани надзори по вид за Државен фитосанитарен инспектор и Државен земјоделски инспектор за 2026 година..................... 21*

*Графикон 3 Преглед на планирани инспекциски надзори по вид и очекувани неправилности - инспекциски мерки по вид за Државен фитосанитарен инспектор и Државен земјоделски инспектор за 2026 година............................................................................................................. 22*

*Дополнителна Табела 3-1 Преглед на вкупниот број на планирани надзори по вид за Државен земјоделски инспектор за 2026 година ........................................................................... 22*

*Дополнителна Табела 3-2 Преглед на вкупниот број на планирани надзори по вид за Државен фитосанитарен инспектор ...................................................................................... 23*

**Табела 3 - Преглед на вкупниот број на очекувани неправилности и инспекциски надзори според вид во 2026 година, по региони и општини (за вид Државен земјоделски инспектор и Државен фитосанитарен инспектор) ................................................................................. 24**

*Графикон 4 - Преглед на вкупниот број на планирани неправилности, инспекциски надзори според вид: редовен, вонреден и контролен надзор, во 2026 година, по региони ................................ 26*

*Дополнителна Табела 4 Преглед на вкупниот број на очекувани неправилности и инспекциски надзори според вид за периодот 2026 година, по закони .......................................................... 29*

*Дополнителна Табела 5 Преглед на бројот на планирани инспекциски надзори според степен на ризик, по закони, во 2026 година* ........ 30

*V. Обука на инспекторите и административните службеници* ........ 31

*Дополнителна Табела 6-1 Годишна план за обуки на државните земјоделски и фитосанитарни инспектори во Државниот инспекторат за земјоделство за 2026 година* ........ 31

*VI. Буџет и финансирање* ........ 32

*Дополнителна Табела 7 Преглед на предлог буџет на Државниот инспекторат за земјоделство за 2026 година* ........ 33

*VII. Меѓународна соработка* ........ 33

*VIII. Други активности на инспекциската служба* ........ 34

*VIII.1. Начело на транспарентност и јавност* ........ 34

*VIII.2. Односи со медиумите* ........ 35

*VIII.3. Интернет страница* ........ 35

*VIII.4. Употреба и надградби на ИТ системите* ........ 36

*VIII.5. Иновации во работењето, унапредување и воведување на интерни процедури и листи за проверка во инспекциската служба* ........ 37

*VIII.6. Соработка со други инспекциски служби и државни институции* ........ 38

*VIII.7. Соработка со бизнис заедницата и здруженија на потрошувачите* ........ 38

*VIII.8. Соработка со образовни и научни институции* ........ 38

*VIII.9. Проекти* ........ 40

# I. Резиме

Директорот на Државниот инспекторат за земјоделство, согласно член 33 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија "бр. 102/2019, 272/24, 22/25 и 135/25*важи од 01.01.2026 година) и Правилникот за содржината и формата на годишниот план за работа на инспекциска служба (*Сл. Весник на Република Северна Македонија бр. 238/19*), и согласно член 9 став 2 од Законот за Државен инспекторат за земјоделство („Службен весник на Република Македонија "бр. 20/2009, 53/2011, 164/2013, 43/2014, 33/2015, 88/2015, 149/2015, 39/2016, 172/2016, 83/2018 и 3/2025) донесе **Годишниот план за работа на Државниот инспекторат за земјоделство за 2026 година** кој ги опфаќа следните поглавја:

**Анализа на ризици**. Се воспостави рамка за управување со ризици во процесот на вршење на инспекциски надзор. Ресурсите на Инспекторатот се насочуваат кон областите каде ризикот за сериозни неправилности е најголем, со користење на минимално потребно ниво на интервенција за обезбедување усогласеност. Процесот на управување со ризик е воспоставен согласно донесената Методологија за проценка на ризик при планирање на инспекциски надзори.

**Организација и раководење.** Прикажан е правниот статус на Инспекторатот, раководството, надлежностите, организациската структура и состојбата со човечките ресурси. Ова вклучува структура на вработените, нови вработувања, пензионирања и планираниот број инспектори по вид, возраст, звање и родова застапеност. Податоците се прикажани во табеларни прегледи, графикони и текстуално образложение.

**Инспекциски надзор.**

Проценката е извршена врз основа на долгодишната пракса, законската регулатива и различни извори на информации:

- резултати од инспекциски надзори,
- преставки, пријави и дојави од правни и физички лица,
- информации од бесплатниот телефонски број, здруженија, медиуми, заклучоци на Владата, мониторинг програми и други инспекторати.

Инспекторатот како појдовни критериуми за идентификување на субјекти користи наоди од извршените инспекциски надзори и регистрите водени во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Извршено е планирање на вкупниот број на инспекциски надзори според вид во 2026 година, по региони и општини, при што планирани се вкупно **38573** - инспекциски надзори од кои: **1926** - редовни надзори, **36036** - вонредни надзори, како минимум за секој инспектор за периодот. По спроведувањето на инспекцискот надзор и во зависност од утврдената фактичка состојба, и примена на конкретни инспекциски мерки (издавање решенија со опомена, наредба, забрана и др.) во согласност со закон, планирана е реализација на вкупно **611** - контролни инспекциски надзори, за што се предвидени минимални квантитативни цели или вкупно **611** - планирани откривања на неправилности по ризични области.

**Обука на инспекторите и административните службеници.** Во согласност со член 50, став (1) од Законот за инспекциски надзор и член 10, став (2) од Закон за државниот инспекторат за земјоделство, директорот на Државниот инспекторат за земјоделство, донесе

Годишен план за индивидуално стручно усовршување и обука на секој инспектор за 2026 година со архивски број 04-799/2 од 17.11.2025 година (Дополнителна табела 6-2).

**Буџет и финансирање.** Предлог буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година за Државниот инспекторат за земјоделство, е прикажан табеларно според главните категории на приходи и расходи.

**Меѓународна соработка.** Државниот инспекторат за земјоделство со своето работење врши сложени, стручно оперативни и аналитички задачи и активности за поддршка на целокупниот процес на ЕУ интеграцијата и преговори за пристапување во делот на инспекторатот, во 3 - трите поглавја: 11 - Земјоделство и рурален развој; 12 - Безбедност на храна ветеринарство и фитосанитарна политика и 13 - Рибарство.

**Други активности на инспекциската служба.** При вршење на работите Инспекторатот ги почитува начелата на транспарентност и јавност во согласност со закон и информации поврзани со и за работата на Државниот инспекторат за земјоделство во електронска форма на граѓаните им се достапни на страната (http://www.diz.gov.mk).

Заради широкиот спектар на законски овластувања и надлежности, при своето работење Инспекторатот ќе соработува со бизнис заедницата, здруженија на потрошувачите, образовни и научни институции и сите чинители кои можат да придонесат со своите активности за зголемување на транспарентноста.

**Заклучок.** Годишниот план за работа на Државниот инспекторат за земјоделство за 2026 година претставува метод за реализација на стратегии и планови со цел постигнување на поголем квантитет и квалитет при вршење на инспекциски надзори.

## II. Анализа на ризици

Основна задача на Државниот инспекторат за земјоделство е да ги идентификува субјектите кои при вршењето на дејностите не се придржуваат кон законската регулатива и да преземе мерки за нивно санкционирање и санирање на повредите на законските процедури. Законската рамка која се регулира во секторите за инспекциски надзори опфаќа широк спектар на закони и подзаконски акти кои го уредуваат организирањето, надлежностите и постапката за вршење на надзор за секој вид на инспектор во Државниот инспекторат за земјоделство.

Менаџирањето на ризици значи насочување на ресурсите на инспекцијата кон областите каде ризикот за сериозни неправилности е најголем, при што се користи минимално потребно ниво на интервенција за обезбедување усогласеност. Ефективното управување со ризици бара: прибирање и пристап до релевантни податоци, определување на ризикот врз основа на тие податоци и фокусирање на инспекциските активности кон најголемите ризици кои се идентификувани.

Управувањето со ризиците е составен дел од секојдневното работење на Инспекторатот и подразбира воспоставување на ефикасен систем на внатрешни контроли. Тој систем се заснова на:

- идентификување на ризици,
- утврдување на степенот на ризици при планирањето на инспекциски надзори,
- проценка на веројатноста и влијанието на ризиците,
- следење и оценка на ризиците,
- утврдување на соодветни внатрешни мерки

Управувањето со ризиците овозможува: донесување поквалитетни одлуки, подобро предвидување и оптимизирање на расположливите средства и ресурси, согледување на приоритетите, како и избегнување на идните проблеми кои може да се појават при реализацијата на поставените цели.

Целта на управувањето со ризик е да ги доведе ризиците на прифатливо ниво преку спроведување мерки кои ја намалуваат веројатноста за настанување на ризикот и влијанието од неговото остварување. Ризиците се природен дел од секојдневните активности и не може да се избегнат, но можат да се управуваат.

Прифатлив ризик се однесува на степенот на ризик што раководството е подготвено да го прифати во постигнувањето на своите цели. Процесот на утврдување на ризик вклучува: лоцирање на потенцијалните ризици, идентификување на причините за нивната појава и потенцијалните последици.

Според Правилникот за елементите на проценката на ризикот, како и зачестеноста на спроведувањето на инспекциски надзор врз основа на проценката на ризик („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 247/2019), елементите за проценка се: тежината на штетните последици и веројатноста за нивно случување. Методологијата за проценка на ризик при планирање на инспекциски надзори ја дефинира постапката за идентификација на специфичните ризици и мерење на степенот на ризикот, со цел ефективно и ефикасно планирање на обемот и зачестеноста на надзор над субјектите.

Во текот на 2026 година, согласно новиот Закон за инспекциски надзор и неговата примена од 01.01.2026 година, министерот, на предлог на директорот на Инспекторатот, ќе изготви нова Методологија за проценка на ризик, која ќе ги опфати анализата, управувањето и известувањето за ризиците, и ќе се спроведува во рамките на работата на Инспекторатот.

При изготвувањето на Годишниот план за 2026 година, се користени податоци од месечните, полугодишните и годишните извештаи од областа на надлежност на Инспекторатот, законската регулатива и други релевантни извори. Проценката на ризиците се врши врз основа на два вида влезни информации: влијанието на ризикот и веројатноста за негово појавување (*Прилог 1: Табеларен преглед на планирани редовни инспекциски надзори со %-процент на застапеност според степен на ризик по месеци и закони за 2026 година*).

Кај новооснованите субјекти (субјекти кои се основани и кои започнале со извршување на дејност во последната година), како и кај субјекти кај кои во претходниот период не е вршен инспекциски надзор, како претпоставка, се проценува среден степен на ризик.

Планот за инспекциски надзор е важна алатка во управувањето со надзорот, бидејќи ги распоредува ограничените ресурси на Државниот инспекторат за земјоделство со цел да постигне максимални ефекти во спречувањето на неправилности и минимизирање на штетите. Изработката на планот се заснова на проценката на ризиците, при што квалитетот на планот е во директна корелација со квалитетот на проценката на ризиците.

**1. Сектор за инспекциски надзор од областа на рибарството со аквакултурата, сточарството, пчеларство, земјишната политика со поледелско производство**
Непочитувањето на законските одредби може да предизвика:

- Законот за земјоделско земјиште – зголемување на противправното користење на државното земјоделско земјиште; нерационално користење на на земјоделското земјиште како ограничен природен ресурс.
- Законот за рибарство и аквакултура – зголемување на криволов и намалување на рибниот фонд.
- Законот за пасиштата – бесправно користење на пасиштата.
- Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции – можност за производство на опојни дроги со засекување на афионовите чушки.

**2. Сектор за инспекциски надзор од областа на семе, саден материјал, производи за заштита на растенија, квалитет и безбедност на ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата, цвеќе, генетски модифицирани организми и вино со лозарство**
Непочитувањето може да предизвика:

- Закон за квалитет и безбедност на ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата, Закон за семенски и саден материјал на земјоделски растенија - нелегални или неквалитетни производи на пазарот, што претставува закана за животот на човекот, животните и растенијата.
- Закон за виното - спречување на нелегален откуп и заштита на домашниот пазар од неквалитетно увозно вино.
- Закон за генетски модифицирани организми - нелегален увоз, производство и пласирање на ГМО растенија и животни.

**3. Сектор за инспекциски надзор од областа на земјоделството и руралниот развој, органско производство, тутун и тутунски производи и квалитет на земјоделски производи**
Непочитувањето може да предизвика:

- Законот за земјоделство и рурален развој – нарушување на пазарот, нелојална конкуренција, незаконито добивање средства од програмите за финансиска поддршка.
- Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи – нестабилно производство, нелојална конкуренција, нелегален откуп на тутун, оштетени производителите на тутун.
- Законот за квалитет на земјоделски производи – неквалитетни производи, нелојална конкуренција.
- Законот за органско земјоделско производство – производство и продажба на неоргански производи како органски, што предизвикува нелојална конкуренција.

**4. Сектор за инспекциски надзор од областа на фитосанитарната политика** Непочитувањето може да предизвика:

- Законот за здравјето на растенијата – неконтролирана појава на штетни организми и растителните производи.
- Законот за фитофармација – масовна појава на небезбедни фитофармацевтски производи, опасни по здравјето на луѓето, животните и нарушување на биодиверзитетот на животната средина.

**Придобивки од примената на Методологијата за проценка на ризик во 2026 година:**

- Опфаќа утврдување на ризиците и проценка на тежината и веројатноста на штетните последици.
- Обезбедува активности за ублажување на ризиците, со цел успешна проценка.
- Интегрира работните цели и задачи на инспекторите со активностите за редовно следење на ризиците.
- Помага во воспоставување на принципи, концепти и препораки за пристапот на инспекторите при надзори.
- Проценува слабости на системот и предлага подобрувања за зголемување на ефективноста.
- Овозможува прибирање на резултатите од проценката на ризиците од различни сектори во Инспекторатот.

## II.1. Дефинирање на ризични области

Предметот на инспекциски надзор се врши врз основа на веќе дефинирани ризични области во земјоделството врз основа на одредени **критериуми**. Со вршење на квалитетни, ефикасни и ефективни инспекциски надзори се намалува ризикот од многу аспекти како на пример:

| Ризик | Опис | Критериуми |
|---|---|---|
| **Ризик 1** | Загрозување на здравјето на луѓето кај производителите на примарни земјоделски производи | - Употреба на хемиски активни соединенија (ФФП)<br>- Големина на посев/насад<br>- Број на утврдени неправилности<br>- Тежина на претходни инспекциски мерки<br>- Воспоставени стандарди ДЗП<br>- Органско производство<br>- Внатрешни процедури за самоконтрола<br>- Вид на култури<br>- Сопствени/ангажирани експерти |
| **Ризик 2** | Ограничување или спречување на право/интерес кај трговци со земјоделски репроматеријали | - Несоодветна декларација<br>- Рок на употреба<br>- Пласман на неодобрени ФФП<br>- Количина на производи пуштени на пазар<br>- Број на неправилности<br>- Тежина на мерките<br>- Воспоставени стандарди согласно закон<br>- Внатрешни процедури самоконтрола<br>- Вид на производи на пазар<br>- Сопствени/ангажирани експерти |
| **Ризик 3** | Ограничување или спречување на остварување на право кај откупувачи на примарни земјоделски производи | - Несоодветно исплаќање на откупени количини<br>- Количина на откупени производи (претходна година)<br>- Број на кооперанти<br>- Број на неправилности<br>- Тежина на мерките<br>- Воспоставени стандарди согласно закони<br>- Внатрешни процедури самоконтрола |

| Ризик | Опис | Критериуми |
|---|---|---|
| | | - Вид на откупени производи<br>- Сопствени/ангажирани експерти |
| **Ризик 4** | Оштетување или уништување на добро кај увозници на растенија и растителни производи | - Внесување карантински штетни организми<br>- Земја на потекло<br>- Количина на увезени растенија/производи<br>- Број на неправилности<br>- Тежина на мерките<br>- Стандарди при увоз<br>- Внатрешни процедури самоконтрола<br>- Вид на увезени растенија/производи<br>- Сопствени/ангажирани експерти |
| **Ризик 5** | Оштетување или уништување на добро кај корисници на државно земјоделско земјиште | - Неправилно користење спротивно на Законот<br>- Површина на земјиштето<br>- Број на неправилности<br>- Тежина на мерките<br>- Стандарди согласно закон<br>- Дали се доставува годишен извештај<br>- Времетраење на договорот<br>- Сопствени/ангажирани експерти |
| **Ризик 6** | Ограничување или спречување на право кај концесионери на риболовни води | - Намалување на рибниот фонд<br>- Број на риболовни дозволи<br>- Број на неправилности<br>- Тежина на мерките<br>- Стандарди согласно закон<br>- Систем на рибочуварска служба<br>- Големина на риболовните води<br>- Сопствени/ангажирани експерти |

## II.2. Извори на информации и податоци за идентификување и утврдување на ризикот

За ефикасно управување со ризиците, Државниот инспекторат за земјоделство користи различни извори на информации и податоци. Тие обезбедуваат основа за идентификување на ризични субјекти и активности, утврдување на нивото на ризик и планирање на инспекциските надзори.

При проценка на ризик, Инспекторатот ги користи следниве извори на информации:

| Категорија на извор | Примери/Податоци | Улога при проценка на ризик |
|---|---|---|
| **Инспекциски надзор** | Резултати од претходни инспекции | Идентификување на ризични субјекти и активности |
| **Преставки, пријави, дојави** | Од правни и физички лица, бесплатен телефонски број | Подигање на свест за потенцијални неправилности; иницирање на инспекциски надзор |
| **Информации од здруженија и медиуми** | Стручни организации, здруженија на производители, публикации | Поддршка за верификација на ризик-фактори и состојби на пазарот |

| Категорија на извор | Примери/Податоци | Улога при проценка на ризик |
|---|---|---|
| **Заклучоци на Влада** | Одлуки и препораки на Владата на РСМ | Прилагодување на инспекциските активности кон национални приоритети |
| **Мониторинг програми** | Различни програми за следење на земјоделски производи, квалитет и безбедност | Добивање податоци за веројатност и влијание на ризикот |
| **Други инспекторати и институции** | Информации од други надлежни инспекторати | Поддршка за координација и интеграција на инспекциските активности |
| **Интерни регистри** | Внатрешни бази на податоци, досиеа на субјекти | Верификација на ризик-фактори и утврдување на зачестеност на надзори |

Со користење на податоците и информациите од различни извори, Државниот инспекторат за земјоделство може да ги идентификува ризичните субјекти и активности, да ги приоритизира инспекциските надзори и да ги насочи ресурсите кон областите со најголем ризик.

Овие информации се основа за примена на **Методологијата за проценка на ризик при планирање на инспекциски надзори**, која овозможува:

- определување на приоритетни инспекциски надзори,
- планирање на ресурсите и ангажманот на инспекторите,
- следење и минимизирање на ризиците поврзани со неприменување на законската регулатива,
- ефикасно и ефективно управување со инспекциските активности.

Управувањето со ризиците, меѓу другото е алатка која им помага на раководните структури да ги предвидат променетите околности за да имаат можност за навремено реагирање.

## II.3. Следење на работата на инспекциски служби и проценка на ризик

Во претходната глава беа презентирани изворите на информации и податоците кои се користат за идентификување и утврдување на ризикот, како и начинот на примена на Методологијата за проценка на ризик. На основа на тие податоци, Државниот инспекторат за земјоделство спроведува следење на работата на инспекциските служби, со цел да се обезбеди ефикасно и ефективно управување со ризиците во процесот на инспекциски надзор.

Инспекцискиот надзор се заснова на проценка на ризикот. Според степенот, ризикот може да биде **низок, среден и висок**. Проценката на ризик вклучува анализа, управување и известување за ризикот и се спроведува согласно Методологијата за проценка на ризик при планирање на инспекциски надзори.

Одредени ризици, особено оние поврзани со здравјето, безбедноста и животната средина, се со висок степен на ризик и за нив е оправдано поголемо ниво на мониторинг и навлегување во проверките на субјектите под надзор. Други ризици можат да бидат технички неправилности кои не оправдуваат трошење на дополнителни време и ресурси, со цел да не се занемарат посериозните неправилности.

Фокусот врз ризиците се применува при одредување на зачестеноста на инспекциски надзори. Субјектите кои се веројатно усогласени со правилата се контролираат поретко,

додека субјектите од поризични сектори или оние со утврдени неправилности во минатото се контролираат почесто. Ова обезбедува рационално користење на инспекциските ресурси и насочување кон критичните области.

Даден е преглед (*графички прикази)* на планирани редовни инспекциски надзори со % - на застапеност според степенот на ризик по месеци и закони за 2026 година (*Дополнителна Табела 5 Преглед на бројот на планирани инспекциски надзори според степен на ризик, по закони, во 2026 година* и *Прилог 1*), планирани се вкупно:

| Степен на ризик | Процент (%) | Број на надзори |
|---|---|---|
| **Висок** | 9,35% | 180 |
| **Среден** | 75,65% | 1457 |
| **Низок** | 15,00% | 289 |

***Заклучок:***

Податоците покажуваат дека најголем дел од инспекциските надзори се насочени кон субјекти со среден ризик (75,65 %), што е последица на тоа што голем број субјекти спаѓаат во оваа категорија. Субјектите со висок ризик се помал број (9,35 %), но за нив е предвиден целосен и поинтензивен инспекциски надзор, со цел да се спречат сериозни неправилности и да се обезбеди усогласеност со законските одредби. Субјектите со низок ризик се најмал број (15 %) и за нив инспекцискиот надзор се спроведува поретко, во согласност со утврдените критериуми за проценка на ризик. Ваквата распределба овозможува рационална употреба на ресурсите на Инспекторатот, со приоритет на високоризичните субјекти, а сепак обезбедува континуирано следење на целата база на субјекти под надзор.










| | ЗЗРР | ЗТП ТСП | ЗОЗ П | ЗКЗ П | ЗЗО ОТ | ЗРА | ЗВЗ Д | ЗП | ЗКО ДПС | ЗЗЕЗ | ЗВИ | ЗСС МЗР | ЗКБЃ БПС П | ЗФФ | ЗЗР |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Висок ризик | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 80 | 100 |
| Среден ризик | 94 | 26 | 66 | 57 | 24 | 162 | 11 | 42 | 4 | 193 | 79 | 132 | 131 | 198 | 238 |
| Низок ризик | 82 | 29 | 53 | 53 | 0 | 24 | 0 | 0 | 0 | 0 | 7 | 8 | 9 | 12 | 12 |

Во 2026 година, Инспекторатот ќе го зајакне својот систем за управување со ризици преку континуирано следење, систематска проценка на резидуалните ризици и доследно спроведување на мерките утврдени во Акцискиот план. Во согласност со Регистарот на ризици, овој интегриран пристап обезбедува високо ниво на организациска подготвеност, ефективна превенција на потенцијални закани и одржување на стабилни и сигурни оперативни процеси, како темел за одржлив развој и доверба во институцијата.

## II.4. Критериуми за идентификување субјекти на инспекциски надзор

Државниот инспекторат за земјоделство користи специфични критериуми за идентификување на субјекти за инспекциски надзор.

Главните извори се:

- Наоди од извршените инспекциски надзори во претходниот период.
- Регистри од областа на земјоделството кои се водат во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Од овие извори произлегува и потребата од координирани инспекциски надзори со други инспекциски служби, кои, иако се првенствено на национално ниво, се од особено значење за ефективното работење на Инспекторатот. Целта на оваа координација е да се оптимизираат ресурсите, да се заштедат средства и да се минимизира оптоварувањето на субјектите со последователни инспекции од различни служби.

Податоците од инспекциските надзори на други служби се значајни за утврдување на нивото на ризик и за планирање на обемот на следниот надзор. Затоа, Државниот инспекторат за земјоделство ќе ја зголеми координацијата и пристапот до информации преку соработка со други инспекторати и институции. Ваквата соработка овозможува целосно користење на достапните информации при планирањето на инспекциските активности.

Покрај субјектите кои се планирани за надзор врз основа на регистрите и месечните планови, инспекторите вршат и надзори над нерегистрирани правни субјекти и физички лица, како и надзори по барање на субјектите. Сите извршени активности се евидентираат во месечните, шестмесечните и годишни извештаи за работа, како вонредни (ненајавени) инспекциски надзори, согласно Законот за инспекциски надзор.

Инспекторатот обезбедува дека секоја активност преземена како одговор на ризик е пропорционална на самиот ризик, со цел:

- да се минимизира ризикот на прифатливо ниво;
- да се подобри ефикасноста на управувањето со ризиците;
- да се идентификуваат и третираат клучните ризици;
- да се воспостави соодветен систем за следење и известување.

Во случај на промена на околностите врз основа на кои е направена проценката на ризик, инспекциската служба ќе изврши ревизија на проценката, која ќе се земе предвид при подготовката на годишните планови за работа на Инспекторатот.

# III. Организација и раководење

## III.1. Правен статус на институцијата

Со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за Државниот инспекторат за земјоделство (*Службен весник на Република Северна Македонија, број 03/2025, од 03.01.2025 годин*а), инспекцискиот надзор од областа на земјоделството, руралниот развој, рибарството и аквакултурата се врши од страна на Државниот инспекторат за земјоделство (во натамошниот текст: Инспекторатот).

Инспекторатот е орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (во натамошниот текст: Министерството) и ги врши надлежностите врз основа на Законот за Државниот инспекторат за земјоделство и подзаконските акти кои произлегуваат од него.

## III.2. Раководство

Државниот инспекторат за земјоделство ги извршува своите надлежности преку организирано раководство и структурирани одговорности, со цел ефективно и ефикасно спроведување на инспекцискиот надзор.




Раководната структура се состои од следните основни компоненти:

**Директор на Инспекторатот.** Директорот на Инспекторатот се именува и разрешува од страна на Владата на Република Северна Македонија. Тој е лично одговорен за работењето на Инспекторатот пред Владата и пред **Министерот** за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Директорот го обезбедува координираното функционирање на различните сектори и го доставува до Министерот на одобрување годишниот план за работа на Инспекторатот.

**Државни инспектори за земјоделство и фитосанитарни инспектори.** Државните инспектори спроведуваат инспекциски надзор во областа на земјоделството, руралниот развој, рибарството и аквакултурата.

**Стручна служба во Инспекторатот.** Стручната служба обезбедува техничка, аналитичка и административна поддршка на директорот и инспекторите.

**Рибочувари на државни риболовни води.** Рибочуварите ја контролираат употребата на *државната риболовна вода која не е дадена на концесија* и спроведуваат инспекции во согласност со Законот за рибарство и аквакултура.

## III.3. Надлежности

Државниот инспекторат за земјоделство (ДИЗ) е основан согласно Законот за организација и работа на органите на државната управа, а својата организација, надлежности, овластувања и постапки ги врши согласно Законот за Државниот инспекторат за земјоделство.

Инспекторатот врши инспекциски надзор над примената на законите од областа на земјоделството, руралниот развој, рибарството и аквакултурата, како и над поблиските прописи донесени врз основа на овие закони.

Дополнително, Инспекторатот врши инспекциски надзор согласно Законот за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност.

Државниот инспекторат е овластен да врши инспекциски надзор на правни и физички лица преку контрола на квалитетот и прегледи на пратките од увоз, извоз, производство, откуп и промет на:

- земјоделски производи, семе и саден материјал, цвеќе и декоративни растенија,
- фитофармацевтски производи,
- вино и производи од вино и грозје, енолошки средства, јаки алкохолни пијалоци,
- ѓубрива, тутун и тутунски производи, органски производи, ГМО, храна за животни,
- приплоден добиток, сперма од добиток, јајце клетки и ембриони.

За извршените контроли на квалитет, Инспекторатот издава уверение за квалитет – сертификат.

Државните фитосанитарни инспектори вршат контрола на пратки од растенија, растителни производи и други објекти и предмети, како и производи за заштита на растенијата (фитофармацевтски производи). Ова вклучува и утврдување на исполнување на условите за издавање на:

- фитосанитарен сертификат,
- фитосанитарен сертификат за реекспорт,
- пасош за растенијата.

Инспекторите во Државниот инспекторат за земјоделство постапуваат по барања од правни и физички лица за проверување и утврдување на исполнување на условите за производство и откуп на земјоделски производи и тутун, како и за утврдување на условите за регистрација на:

- откупни пунктови,
- винарски визби,
- рибници,
- пломбирање на мрежи.

Рибочуварите ја чуваат државната риболовна вода која не е дадена на концесија, со цел спречување на бесправен риболов и риболовни кражби. При вршењето на надзорот, рибочуварот составува записник и, доколку констатира неправилност, привремено ги одзема риболовните средства и риба, за што издава потврда. Одземените средства и риба, заедно со целокупната документација, се доставуваат до инспекторот (Изготвена: Интерна процедура за работа на рибочуварите во одделението за физичка заштита на риболовните води).

Во рамките на работењето на Инспекторатот функционира и **EXIM системот** – едношалтерски систем за дозволи за увоз, извоз и транзит на стоки и тарифни квоти (www.exim.gov.mk), проект на Владата на Република Северна Македонија. Системот

овозможува одобрување на поднесените барања и издавање на дозволите врз основа на извршените контроли на пратките.

При спроведување на постапката за одобрување на барање за увоз, Инспекторатот издава:

- **Лиценца I005** – Потврда за извршен органолептички преглед и земени мостри при увоз на пратки од растително потекло,
- **Лиценца I009** – Влезен документ за репродуктивни животни и приплоден материјал при увозна постапка.

## III.4. Организациска структура

Со цел подобро управување на Инспекторатот, подобро разбирање на улогите на вработените во инспекторатот, полесно вршење на координација, контрола и комуникација во работењето, Државниот инспекторат за земјоделство во својата систематизација има предвидено шест сектори и тоа:

***1. Сектор за инспекциски надзор од областа на рибарството со аквакултурата, сточарството, пчеларството, земјишната политика со поледелско производство. Во состав на овој сектор се 4 одделенија и тоа:***

1.1. Одделение за инспекциски надзор од областа на рибарството со аквакултурата,

1.2.Одделение за физичка заштита на риболовни води,

1.3.Одделние за инспекциски надзор од областа на сточарството со пчеларството и

1.4.Одделение за инспекциски надзор од областа на земјишната политика со поледелски култури.

***2. Сектор за инспекциски надзор од областа на семе, саден материјал, производи за заштита на растенија, квалитет и безбедност на ѓубрића, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата, цвеќе, генетски модифицирани организми и вино со лозарство со 3 одделенија и тоа:***

2.1 Одделение за инспекциски надзор од областа на семе, саден материјал, производите за заштита на растенија и квалитет и безбедност на ѓубрића, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата,

2.2 Одделение за инспекциски надзор од областа на цвеќе и генетски модифицирани организми и

2.3 Одделение за инспекциски надзор од областа на вино со лозарство.

***3. Сектор за инспекциски надзор од областа на земјоделството и руралниот развој, органско производство, тутун и тутунски производи и квалитет на земјоделски производи има четири одделенија и тоа:***

3.1 Одделение за инспекциски надзор од областа на земјоделството и руралниот развој,

3.2 Одделение за инспекциски надзор од областа на органското производство,

3.3 Одделение за инспекциски надзор од областа на тутунот и тутунските производи и

3.4 Одделение за инспекциски надзор од областа на квалитетот на земјоделски производи.

***4. Сектор за инспекциски надзор од областа на фитосанитарната политика со две одделенија и тоа:***

4.1 Одделение за инспекциски надзор од областа на фитосанитарна политика на граничен премин и

4.2 Одделение за инспекциски надзор од областа на фитосанитарна политика во внатрешноста на државата.

Во Државниот инспекторат за земјоделство покрај 4 инспекторски сектори постојат и 2 два сектори за административна и правна поддршка и тоа:

***5. Сектор за проекти и административна поддршка на директорот во кој има три одделенија и тоа:***

5.1 Одделение за проекти,
5.2 Одделение за административна поддршка на директорот и
5.3 Одделение за анализа на ризик.

***6. Сектор за логистика и техничка поддршка, правни работи, планирање и обработка на податоци во кој има три одделениија и тоа:***

6.1 Одделение за правни работи,
6.2 Одделение за планирање и обработка на податоци,
6.3 Одделение за информатички технологии.

Во Државниот инспекторат за земјоделство, надвор од секторите, се формирани следните одделенија:

1.Одделение за внатрешна контрола и
2.Одделение за EXIM - едношалтерски систем за дозвола за увоз, извоз и транзит на стоки и тарифни квоти.

## III.5. Состојба со човечки ресурси

Државниот инспекторат за земјоделство моментално има вкупно 142 вработен, вклучувајќи го и директорот на Инспекторатот, со што е реализирано 52.80% од вкупно систематизираните работни места.

Во административните сектори се систематизирани вкупно 81 работни места, а пополнети се 19, што претставува 23.45% од систематизираните позиции.

| Структура на работни места | Категорија /Ниво | Звање / Група | Предвид. раб.мест. | Пополн. раб.мест. | Кандидат за инсп. |
|---|---|---|---|---|---|
| ИНС | Б1 | Генерален инспектор | 1 | 0 | |
| ИНС | Б2 | Главен инспектор | 4 | 3 | |
| ИНС | Б4 | Виш инспектор | 12 | 4 | |
| ИНС | В1 | Советник инспектор | 125 | 95 | |
| ИНС | В2 | Самостоен инспектор | 6 | 3 | |
| ИНС | В3 | Помошник инспектор | 3 | 3 | |
| ИНС | В4 | Помлад инспектор | 17 | 13 | 1 |
| УП | Б02 | Раководител на сектор | 2 | 2 | |
| УП | Б04 | Раководител на одделение | 9 | 4 | |
| УП | В01 | Стручни админ. служб.советник | 20 | 5 | |
| УП | В02 | Стручни админ. служб.-виш соработник | 5 | 1 | |
| УП | В03 | Стручни админ. служб.-соработник | 10 | 1 | |
| УП | В04 | Стручни админ. служб.-помлад соработник | 15 | 1 | |
| УП | Г01 | Пом-струч. адм. служб. | 14 | 1 | |
| УП | Г03 | Пом-струч. адм. служб. | 2 | 2 | |
| УП | Г04 | Пом-струч. адм. служб. | 4 | 2 | |
| | | Вкупно инспектори | 186 | 121 | 1 |
| | | Вкупно админ. служб. | 81 | 19 | 0 |
| | | СЕ ВКУПНО | 267 | 140 | 1 |

Во рамки на Годишниот план за 2026 година, систематизацијата на работните места во Инспекторатот потребно е да се усогласи согласно следниве законски прописи:

1. Работни места за инспекторите:
    - Усогласување со статусните прашања утврдени во член 91 и 92 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија" број 135/25).
    - Прилагодување на категориите Б и В и соодветните нивоа и звање со одредбите од Законот за инспекциски надзор и Законот за административни службеници во рок од четири месеци од денот на влегувањето во сила.
2. Работни места за стручната административна служба:
    - Усогласување на акти за систематизација на работни места согласно член 100 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Северна Македонија" број 144/25) во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на законот.

Во инспекциските сектори се систематизирани вкупно 186 работни места, од кои се пополнети 122, што претставува 65,59% од систематизираните позиции.

Во 2026 година, вкупниот број на инспектори 120 ќе вршат инспекциски надзор (еден инспектор има решение за мирување на работното место). Распределбата по вид на инспектори е следна:

- 72 државни инспектори за земјоделство
- 48 државни фитосанитарни инспектори
- 1 инспектор со решение за мирување и
- 1 кандидат за инспектор (без лиценца).

Во годишниот план за 2026 година, во Државниот инспекторат за земјоделство инспектори кои имаат лиценца за инспектор и кои имаат надлежност да вршат надзори се 3-ца главни инспектори, 4 - виши инспектори, 94 - советник инспектори, 3-самостојни инспектори, 3- помошник инспектор и 13-помлади инспектори, се планирани инспекциски надзори за вршење надзори и истиот е прикажан во *Табела 1 - Преглед на бројот на инспектори кои ќе вршат инспекциски надзор, по вид, возраст и звање, Графикон 1 - Преглед на бројот на инспектори по вид и звање кои ќе вршат инспекциски надзор и Графикон 2 - Преглед на бројот на инспектори кои ќе вршат инспекциски надзор по вид во %-процент.*

Државниот инспекторат за земјоделство нема извршено планирање за 1 – еден инспектор (ниво В1) Државен фитосанитарен инспектор со лиценца: Андон Сарамандов (*со решение за мирување на работно место*).

Во 2026 година има 1-еден кандидат за инспектор, кои ќе се стекне со лиценци и право да спроведуваат инспекциски надзори во 2026 година и тоа: еден државен инспектор за земјоделство (ниво В4).

**Табела 1 Преглед на бројот на инспектори кои ќе вршат инспекциски надзор, по вид, возраст и звање**

| Вид | Државен земјоделски инспектор | | | | | | Државен фитосанитарен инспектор | | | | | | Вкупно инспектори | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно |
| Б1 – генерален инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б2 – главен инспектор | 0 | 0 | 0 | 1 | 2 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 2 | 3 |
| Б3 – пом. главен инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б4 – виш инспектор | 0 | 0 | 4 | 0 | 0 | 4 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4 | 0 | 0 | 4 |
| В1 – советник инспектор | 1 | 2 | 20 | 22 | 8 | 53 | 0 | 5 | 12 | 17 | 7 | 41 | 1 | 7 | 32 | 39 | 15 | 94 |
| В2 – самостоен инспектор | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 2 | 0 | 0 | 0 | 2 | 1 | 3 |
| В3 – помошник инспектор | 0 | 1 | 1 | 1 | 0 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 1 | 0 | 3 |
| В4 – помлад инспектор | 2 | 3 | 3 | 0 | 0 | 8 | 1 | 2 | 2 | 0 | 0 | 5 | 3 | 5 | 5 | 0 | 0 | 13 |
| Вкупно | 3 | 6 | 28 | 25 | 10 | 72 | 1 | 7 | 14 | 18 | 8 | 48 | 4 | 13 | 42 | 43 | 18 | 120 |

***Графикон 1 Преглед на бројот на инспектори по вид и звање кои ќе вршат инспекциски надзор***




***Графикон 2 Преглед на бројот на инспектори кои ќе вршат инспекциски надзор по вид во %***



**Вработувања.** Во годишниот план за 2026 година се предвидени 30 нови вработувања во административните и инспекторските сектори, со цел одржување на стабилноста и ефикасноста на инспекцискиот надзор. Анализата на старосната структура на сегашните 120 инспектори кои ќе вршат надзор во 2026 година покажува следнава состојба:

- Најголем дел од инспекторите се во возрасната група **41-50 години (35%)**, додека групата **51-60 години брои 43 лица (36%)**. Ова укажува на значителен удел на кадар кој во блиска иднина ќе замине во пензија.
- Младите кадри под **30 години** се само 4 лица (3%), а групата **31-40 години брои 13 лица (11%)**, што покажува недоволен број на нови кадри кои би можеле да ја обноват и надополнат организацијата.

Во наредните 2-4 години се очекува околу **18 инспектори (15%)** да заминат во пензија, што дополнително ја зголемува потребата за нови вработувања. Ова го создава ризикот од недостаток на кадар и пречки во обезбедување континуитет на инспекцискиот надзор.

Затоа, предвидените 30 нови вработувања имаат стратешка цел:

1. **Обновување на млад кадар (<40 години)**, кој ќе донесе нова динамика, иновативни практики и долгорочно одржливост на организацијата.
2. **Сочувување и пренос на знаењето од искусните инспектори (41-60 години)**, кои ќе обезбедат експертиза, менторство и континуитет во работењето.

Со ова стратешко балансирање на младост и искуство, Инспекторатот ќе обезбеди стабилен, ефикасен и одржлив инспекциски надзор и во следните години, без да се загрози квалитетот на контролата и поддршката на земјоделскиот сектор.

**Пензионирања**. Исто така, во 2026 година, дел од државни земјоделски инспектори кои исполнуваат услов за пензија се вкупно 4-четири и тоа од ниво В1 - 3-три инспектори и од ниво Б -1-еден инспектор и тоа:
Од нив кои исполнуваат услов за пензија се вкупно во I-прво полугодие (2- два) и II-второ полугодие (2- два).

Вработувањата и пензионирањата се прикажани во *Табела 2 - План за нови вработувања и пензионирања на инспектори.*

**Табела 2 План за нови вработувања и пензионирања на инспектори**

| Вид | Државен земјоделски инспектор | | | Државен фитосанитарен инспектор | | | Вкупно инспектори | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика |
| Б1 – генерален инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б2 – главен инспектор | 0 | 1 | -1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | -1 |
| Б3 – пом. глав. инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б4 – виш инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В1 – советник инспектор | 0 | 3 | -3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 | -3 |
| В2 – самостоен инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В3 – помошник инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В4 – помлад инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | 0 | 4 | -4 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4 | -4 |

# IV. Инспекциски надзор

Во текот на 2026 година е извршено планирање на вкупниот број очекувани неправилности и инспекциски надзори според вид, по региони и општини. Планирани се вкупно 1926 редовни инспекциски надзори, од кои 1286 за државните земјоделски инспектори и 640 за државните фитосанитарни инспектори, како минимален број за секој инспектор во периодот.

При планирањето на инспекциските надзори за фитосанитарните инспектори на граничните премини, не е вршено планирање на редовни инспекциски контроли, поради обемноста и специфичноста на работата на самите премини. Наместо тоа, извршено е планирање на очекувани неправилности, како и на вонредни и контролни инспекциски надзори, согласно природата на надзорот што се врши на граничните премини.

Државните инспектори во пракса вршат значителен број вонредни инспекциски надзори, кои се поврзани со издавање сертификати, уверенија и други акти согласно материјалните закони. Овие надзори се вршат во кратки временски рокови, поради што е планиран поголем број вонредни контроли – вкупно 36036, од кои 25346 за државни земјоделски инспектори и 10690 за државни фитосанитарни инспектори.

По спроведениот инспекциски надзор, во зависност од утврдената фактичка состојба и применетите инспекциски мерки (решенија со опомена, наредба, забрана и др.) согласно закон, планирани се вкупно 611 контролни инспекциски надзори, од кои 326 за државни земјоделски инспектори и 285 за државни фитосанитарни инспектори, кои се спроведуваат по истекот на рокот за отстранување на констатираните неправилности.

За истиот период се предвидени и минимални квантитативни цели – планирани откривања на неправилности по ризични области, вкупно 611, од кои 326 за државни земјоделски инспектори и 285 за државни фитосанитарни инспектори. Сепак, досегашната практика покажува дека ова планирање е неефикасно и често субјективно при изборот на областа на која ќе се акцентира инспекциската мерка. Во најголем дел од случаите, предвидените откривања и претпоставените инспекциски мерки не се реализираат според планот, бидејќи повеќето превземени мерки произлегуваат од вонредни инспекциски надзори (*Графикон 3 - Преглед на планирани инспекциски надзори по вид и очекувани неправилности - инспекциски мерки*).

***Дополнителна Табела 2 Преглед на вкупниот број на планирани надзори по вид за Државен фитосанитарен инспектор и Државен земјоделски инспектор за 2026 година***

| Инспектор по вид | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|
| | Редовен надзор | Вонред. надзор | Контрол. надзор | | |
| **Државен земјоделски инспектор** | 1286 | 25346 | 326 | 26958 | 326 |
| **Државен фитосанитарен инспектор** | 640 | 10690 | 285 | 11615 | 285 |
| ВКУПНО | **1926** | **36036** | **611** | **38573** | **611** |

***Графикон 3 Преглед на планирани инспекциски надзори по вид и очекувани неправилности - инспекциски мерки по вид за Државен фитосанитарен инспектор и Државен земјоделски инспектор за 2026 година***




Приказ одделно по вид на инспектор е следната состојба и тоа за:

***Дополнителна Табела 3-1 Преглед на вкупниот број на планирани надзори по вид за Државен земјоделски инспектор за 2026 година***

| Преглед на планирани инспекциски надзори по вид и очекувани неправилности - инспекциски мерки | Редовен надзор | Вонреден надзор | Контролен надзор | Неправилности |
|---|---|---|---|---|
| **Државен земјоделски инспектор** | 1286 | 25346 | 326 | 326 |



***Дополнителна Табела 3-2 Преглед на вкупниот број на планирани надзори по вид за Државен фитосанитарен инспектор***

| Преглед на планирани инспекциски надзори по вид и очекувани неправилности - инспекциски мерки | Редовен надзор | Вонреден надзор | Контролен надзор | Неправилности |
|---|---|---|---|---|
| **Државен фитосанитарен инспектор** | 640 | 10690 | 285 | 285 |




Извршена е проценка на очекуваната состојба во областа на инспекцискиот надзор од аспект на ризиците за непримeнување на прописите, одделно за секој инспекциски сектор во рамките на Државниот инспекторат за земјоделство. Притоа се идентификувани сензитивните точки по закони, кон кои Инспекторатот треба да посвети особено внимание при вршењето на инспекцискиот надзор во 2026 година (*Табела 3 -1 Преглед на вкупниот број на очекувани неправилности и инспекциски надзори според вид во 2026 година, по региони и општини за Државен земјоделски инспектор, Дополнителна Табела 2 Преглед на вкупниот број на планирани надзори по вид за Државен фитосанитарен инспектор и Државен земјоделски инспектор за 2026 година, Графикон 3 Преглед на планирани инспекциски надзори по вид и очекувани неправилности - инспекциски мерки, Дополнителна Табела 3-1 Дополнителна Табела за вкупно планирани надзори по вид за Државен земјоделски инспектор и Дополнителна Табела 3-2 Дополнителна Табела за вкупно планирани надзори по вид за Државен фитосанитарен инспектор за 2026 година, Графикони 4 - Преглед на вкупниот број на планирани неправилности, инспекциски надзори според вид: редовен, вонреден и контролен надзор, во 2026 година, по региони, Графички приказ на вкупниот број на планирани неправилности, инспекциски надзори според вид: редовен, вонреден и контролен надзор, во 2026 година, по региони, Дополнителна Табела 4 - Преглед на вкупниот број на очекувани неправилности и инспекциски надзори според вид за периодот 2026 година, по закони).*

Проценката е извршена врз основа на долгогодишната пракса при вршењето инспекциски надзор во областите за кои е надлежен Инспекторатот, како и врз основа на важечката законска регулатива. Изворите на информации и податоци за идентификување на ризичните области традиционално ги опфаќаат извршените инспекциски надзори, претставките, пријавите и дојавите од правни и физички лица, бесплатната телефонска линија, информациите од здруженија, медиуми, заклучоци на Владата на Република Северна Македонија, резултати од мониторинг програми, информации од други надлежни инспекторати и сл.

**Табела 3 - Преглед на вкупниот број на очекувани неправилности и инспекциски надзори според вид во 2026 година, по региони и општини (за вид Државен земјоделски инспектор и Државен фитосанитарен инспектор)**

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилности |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонреден надзор | Контролен надзор | | |
| | Вардарски регион | 274 | 9623 | 77 | 9974 | 77 |
| 1 | Велес | 38 | 235 | 11 | 284 | 11 |
| 2 | Градско | 12 | 510 | 12 | 534 | 12 |
| 3 | Демир Капија | 11 | 125 | 3 | 139 | 3 |
| 4 | Кавадарци | 78 | 6110 | 16 | 6204 | 16 |
| 5 | Лозово | 9 | 63 | 2 | 74 | 2 |
| 6 | Неготино | 28 | 755 | 9 | 792 | 9 |
| 7 | Росоман | 21 | 722 | 11 | 754 | 11 |
| 8 | Свети Николе | 65 | 1080 | 10 | 1155 | 10 |
| 9 | Чашка | 12 | 23 | 3 | 38 | 3 |
| | Источен регион | 284 | 3804 | 109 | 4197 | 109 |
| 10 | Берово | 21 | 129 | 10 | 160 | 10 |
| 11 | Виница | 28 | 177 | 4 | 209 | 4 |
| 12 | Делчево | 39 | 635 | 9 | 683 | 9 |
| 13 | Зрновци | 4 | 54 | 1 | 59 | 1 |
| 14 | Карбинци | 18 | 79 | 7 | 104 | 7 |
| 15 | Кочани | 52 | 507 | 25 | 584 | 25 |
| 16 | Македонска Каменица | 4 | 17 | 0 | 21 | 0 |
| 17 | Пехчево | 1 | 42 | 1 | 44 | 1 |
| 18 | Пробиштип | 33 | 326 | 5 | 364 | 5 |
| 19 | Чешиново | 25 | 183 | 29 | 237 | 29 |
| 20 | Штип | 59 | 1655 | 18 | 1732 | 18 |
| | Југозападен регион | 219 | 1239 | 47 | 1505 | 47 |
| 21 | Вевчани | 6 | 13 | 1 | 20 | 1 |
| 22 | Дебар | 17 | 177 | 4 | 198 | 4 |
| 23 | Дебарца | 9 | 16 | 2 | 27 | 2 |
| 24 | Кичево | 21 | 93 | 2 | 116 | 2 |
| 25 | Македонски Брод | 14 | 50 | 0 | 64 | 0 |
| 26 | Охрид | 72 | 394 | 21 | 487 | 21 |
| 27 | Пласница | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 |
| 28 | Струга | 72 | 463 | 17 | 552 | 17 |
| 29 | Центар Жупа | 8 | 32 | 0 | 40 | 0 |
| | Југоисточен регион | 184 | 4623 | 85 | 4892 | 85 |
| 30 | Богданци | 8 | 142 | 8 | 158 | 8 |
| 31 | Босилово | 16 | 569 | 8 | 593 | 8 |
| 32 | Валандово | 15 | 117 | 4 | 136 | 4 |
| 33 | Василево | 18 | 414 | 7 | 439 | 7 |
| 34 | Гевгелија | 19 | 1153 | 19 | 1191 | 19 |

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилности |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонреден надзор | Контролен надзор | | |
| 35 | Дојран | 8 | 20 | 0 | 28 | 0 |
| 36 | Конче | 3 | 26 | 1 | 30 | 1 |
| 37 | Ново Село | 18 | 278 | 14 | 310 | 14 |
| 38 | Радовиш | 12 | 154 | 4 | 170 | 4 |
| 39 | Струмица | 67 | 1750 | 20 | 1837 | 20 |
| | Пелагониски регион | 222 | 4023 | 81 | 4326 | 81 |
| 40 | Битола | 61 | 920 | 21 | 1002 | 21 |
| 41 | Демир Хисар | 11 | 127 | 6 | 144 | 6 |
| 42 | Долнени | 8 | 36 | 2 | 46 | 2 |
| 43 | Кривогаштани | 12 | 266 | 16 | 294 | 16 |
| 44 | Крушево | 2 | 755 | 4 | 761 | 4 |
| 45 | Могила | 9 | 45 | 3 | 57 | 3 |
| 46 | Новаци | 7 | 17 | 1 | 25 | 1 |
| 47 | Прилеп | 70 | 852 | 16 | 938 | 16 |
| 48 | Ресен | 42 | 1005 | 12 | 1059 | 12 |
| | Полошки регион | 134 | 1618 | 42 | 1794 | 42 |
| 49 | Боговиње | 6 | 41 | 0 | 47 | 0 |
| 50 | Брвеница | 20 | 110 | 7 | 137 | 7 |
| 51 | Врапчиште | 8 | 55 | 1 | 64 | 1 |
| 52 | Гостивар | 29 | 272 | 12 | 313 | 12 |
| 53 | Желино | 11 | 115 | 0 | 126 | 0 |
| 54 | Јегуновце | 17 | 321 | 6 | 344 | 6 |
| 55 | Маврово и Ростуша | 5 | 32 | 1 | 38 | 1 |
| 56 | Теарце | 9 | 47 | 2 | 58 | 2 |
| 57 | Тетово | 29 | 625 | 13 | 667 | 13 |
| | Североисточен регион | 177 | 4096 | 72 | 4345 | 72 |
| 58 | Кратово | 23 | 127 | 4 | 154 | 4 |
| 59 | Крива Паланка | 31 | 1183 | 19 | 1233 | 19 |
| 60 | Куманово | 88 | 2464 | 32 | 2584 | 32 |
| 61 | Липково | 6 | 55 | 4 | 65 | 4 |
| 62 | Ранковце | 26 | 218 | 10 | 254 | 10 |
| 63 | Старо Нагоричане | 3 | 49 | 3 | 55 | 3 |
| | Скопски регион | 432 | 7010 | 98 | 7540 | 98 |
| 64 | Аеродром | 43 | 350 | 5 | 398 | 5 |
| 65 | Арачиново | 5 | 94 | 3 | 102 | 3 |
| 66 | Бутел | 39 | 622 | 7 | 668 | 7 |
| 67 | Гази Баба | 88 | 2920 | 18 | 3026 | 18 |
| 68 | Ѓорче Петров | 19 | 156 | 5 | 180 | 5 |
| 69 | Зелениково | 3 | 31 | 0 | 34 | 0 |
| 70 | Илинден | 34 | 650 | 12 | 696 | 12 |
| 71 | Карпош | 36 | 193 | 7 | 236 | 7 |
| 72 | Кисела Вода | 35 | 502 | 9 | 546 | 9 |

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилности |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонреден надзор | Контролен надзор | | |
| 73 | Петровец | 39 | 500 | 7 | 546 | 7 |
| 74 | Сарај | 11 | 160 | 3 | 174 | 3 |
| 75 | Сопиште | 8 | 49 | 3 | 60 | 3 |
| 76 | Студеничани | 8 | 192 | 2 | 202 | 2 |
| 77 | Центар | 45 | 294 | 6 | 345 | 6 |
| 78 | Чаир | 11 | 19 | 3 | 33 | 3 |
| 79 | Чучер-Сандево | 6 | 273 | 8 | 287 | 8 |
| 80 | Шуто Оризари | 2 | 5 | 0 | 7 | 0 |
| ВКУПНО | | 1926 | 36036 | 611 | 38573 | 611 |

***Графикон 4 - Преглед на вкупниот број на планирани неправилности, инспекциски надзори според вид: редовен, вонреден и контролен надзор, во 2026 година, по региони***







КОНТРОЛНИ ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОРИ
Вардарски регион 77, 12,16%
Источен регион 109, 17,84%
Југозападен регион 47, 7,69%
Југоисточен регион 85, 13,91%
Пелагониски регион 81, 13,26%
Полошки регион 42, 6,87%
Североисточен регион 72, 11,78%
Скопски регион 98, 16,04%


ВКУПНО НАДЗОРИ ПО РЕГИОНИ
Вардарски регион 9974, 25,87%
Источен регион 4197, 10,88%
Југозападен регион 1505, 3,90%
Југоисточен регион 4892, 12,68%
Пелагониски регион 4326, 11,21%
Полошки регион 1794, 4,65%
Североисточен регион 4345, 11,26%
Скопски регион 7540, 19,54%




| | Вардарски регион | Источен регион | Југозападен регион | Југоисточен регион | Пелагониски регион | Полошки регион | Североисточен регион | Скопски регион |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Редовен надзор | 274 | 284 | 219 | 184 | 222 | 134 | 177 | 432 |
| Вонреден надзор | 9623 | 3804 | 1239 | 4623 | 4023 | 1608 | 4096 | 7010 |
| Контролен надзор | 77 | 108 | 47 | 85 | 81 | 42 | 72 | 98 |
| Вкупно надзори | 9974 | 4197 | 1505 | 4892 | 4326 | 1794 | 4345 | 7540 |
| Вкупно неправилности | 77 | 108 | 47 | 85 | 81 | 42 | 72 | 98 |

Како појдовни критериуми за идентификување на субјектите, Инспекторатот ги користи наодите од претходно извршените надзори, како и регистрите од областа на земјоделството што се водат во Министерството за земјоделство, шумарство и.

Инспекторатот мора да обезбеди правилна проценка на пропорционалноста – секоја активност планирана како одговор на идентификуван ризик треба да биде соодветна на самиот ризик, односно да придонесе кон негово минимизирање до прифатливо ниво. За подобрување на ефикасноста на управувањето со ризиците, ќе се воспостави систем за следење и известување за ризиците, кој ќе обезбедува навремено утврдување и третирање на клучните ризици.

Доколку се променат околностите врз основа на кои била извршена проценката на ризикот, инспекциската служба ќе спроведе ревизија на проценката, која ќе се земе предвид при подготвувањето на годишните планови за работа на Инспекторатот.

Инспекцискиот надзор се заснова на утврдениот степен на ризик. Проценката на сложеноста на инспекцискиот надзор ќе се спроведува согласно Одлуката за утврдување на коефициенти на сложеност на инспекцискиот надзор (архивски број 02-905/1 од 06.10.2022 година), донесена од страна на директорот на Инспекторатот.

Намалувањето на оперативниот ризик ќе се врши преку ефективни процеси за следење на извршените инспекциски надзори. Со нив ќе се овозможи постигнување на поставените цели со минимални трошоци, при што потенцијалните грешки при вршењето на инспекцискиот надзор, ризиците, како и репутациските последици за инспекторите и Инспекторатот ќе се сведат на најниско можно ниво. Ова подразбира максимално почитување на законските и подзаконските акти и нивна усогласеност со интерните политики на Инспекторатот.

Државните фитосанитарни инспектори ќе ги спроведуваат инспекциските контроли согласно надлежностите утврдени во Законот за здравје на растенијата, Законот за фитофармацевски производи и подзаконските акти. Ова ги опфаќа активностите од

Програмата за фитосанитарната политика за 2026 година, вклучувајќи го Фитосанитарниот мониторинг за 2026 година и Програмата за спроведување на мониторинг во областа на производството, преработката, складирањето, дистрибуцијата, употребата и сообразноста на фитофармацевските производи, како и нивните резидуи во производите од примарно земјоделско прозводство за 2026 година. Во рамките на овие активности ќе се вршат здравствени прегледи по производни региони и на гранични премини, како и земање примероци за утврдување на присуство на карантински штетни организми, како и примарни земјоделски производи од растително потекло со повисоко ниво на резидуи од фитофармацевтски производи и несоодветствување на содржината на активната супстанца во истите со декларираната.

Секторот за инспекциски надзор од областа на фитосанитарната политика ќе изготви План за реализација на Мониторинг програмата за секој државен фитосанитарен инспектор, и тоа по региони, по број на задолжителни здравствени прегледи и мостри, како и по временски период за извршување на активностите, веднаш по објавувањето на Програмата за фитосанитарна политика во „Службен весник на РСМ".

Државниот инспекторат за земјоделство дополнително ќе ги прикаже табеларно вкупниот број на очекувани неправилности и инспекциски надзори според вид за 2026 година, одделно за државните земјоделски инспектори и државните фитосанитарни инспектори.

***Дополнителна Табела 4 Преглед на вкупниот број на очекувани неправилности и инспекциски надзори според вид за периодот 2026 година, по закони***

| ПЛАН ПО ЗАКОНИ ЗА 2026 ГОДИНА | | | ПЛАН 2026 година по вид на надзор | | | | ПЛАН по вид на изречена инспекциска мерка- неправилности | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ред.бр | Закон | Шифра на закон | Редовен | Вонреден | Контролен | Вкупно | Опомена | Забрана | Наредба | Задолжување | Друга инс. мерка | Прекршочен платен налог | Прекрш. пријава | Кривична пријава | Неправилности/ Вкупно |
| 1 | Закон за земјоделство и рурален развој | ЗЗРР | 176 | 1420 | 53 | 1649 | 0 | 0 | 0 | 35 | 18 | 0 | 0 | 0 | 53 |
| 2 | Закон за тутун и тутунски производи | ЗТПТСП | 55 | 2100 | 19 | 2174 | 9 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5 | 5 | 0 | 19 |
| 3 | Закон за органско земјоделско производство | ЗОЗП | 119 | 250 | 8 | 377 | 5 | 0 | 0 | 2 | 1 | 0 | 0 | 0 | 8 |
| 4 | Закон за квалитет на земјоделски производи | ЗКЗП | 110 | 5350 | 16 | 5476 | 13 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 1 | 0 | 16 |
| 5 | Закон за зоотехника | ЗЗООТ | 24 | 10 | 0 | 34 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 6 | Закон за рибарство и аквакултура | ЗРА | 186 | 560 | 50 | 796 | 25 | 0 | 7 | 8 | 0 | 6 | 5 | 2 | 53 |
| 7 | Закон за вршење на земјоделска дејност | ЗВЗД | 11 | 0 | 0 | 11 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 8 | Закон за пасишта | ЗП | 42 | 30 | 18 | 90 | 5 | 0 | 0 | 0 | 0 | 10 | 0 | 0 | 15 |
| 9 | Закон за контрола на опојни дроги и психотропни | ЗКОДПС | 4 | 40 | 2 | 46 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 10 | Закон за земјоделско земјиште | ЗЗЕЗ | 193 | 600 | 50 | 843 | 5 | 6 | 12 | 0 | 11 | 10 | 6 | 2 | 52 |
| 11 | Закон за виното | ЗВИ | 86 | 10450 | 22 | 10558 | 3 | 1 | 2 | 10 | 0 | 6 | 0 | 0 | 22 |
| 12 | Закон за семенски и саден материјал за земјоделски | ЗССМЗР | 140 | 664 | 33 | 837 | 1 | 5 | 5 | 10 | 5 | 4 | 3 | 0 | 33 |
| 13 | Закон за квалитет и безбедност на ѓубриња, | ЗКБЃБПСП | 140 | 1510 | 33 | 1683 | 4 | 3 | 2 | 10 | 7 | 4 | 3 | 0 | 33 |
| 14 | Закон за здравјето на растенијата | ЗЗР | 350 | 8000 | 210 | 8560 | 20 | 20 | 20 | 150 | 0 | 0 | 0 | 0 | 210 |
| 15 | Закон за фитофармација | ЗФФ | 290 | 560 | 50 | 900 | 15 | 15 | 5 | 15 | 0 | 0 | 0 | 0 | 50 |
| 16 | Закон за ДИЗ | ЗДИЗ | 0 | 300 | 0 | 300 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 17 | Закон за инспекциски надзор | ЗИН | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | | | **1926** | **31844** | **564** | **34334** | **105** | **50** | **53** | **241** | **43** | **45** | **23** | **4** | **564** |

## Дополнителна Табела 5 Преглед на бројот на планирани инспекциски надзори според степен на ризик, по закони, во 2026 година

| Ред.Бр. | Назив на закон[1] | Шифра на закон[2] | Планирани инспекциски надзори[3] | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Висок ризик | Среден ризик | Низок ризик | Вкупно |
| 1 | Закон за земјоделство и рурален развој | ЗЗРР | 0 | 94 | 82 | 176 |
| 2 | Закон за тутун и тутунски производи | ЗТПТСП | 0 | 26 | 29 | 55 |
| 3 | Закон за органско земјоделско производство | ЗОЗП | 0 | 66 | 53 | 119 |
| 4 | Закон за квалитет на земјоделски производи | ЗКЗП | 0 | 57 | 53 | 110 |
| 5 | Закон за зоотехника | ЗЗООТ | 0 | 24 | 0 | 24 |
| 6 | Закон за рибарство и аквакултура | ЗРА | 0 | 162 | 24 | 186 |
| 7 | Закон за вршење на земјоделска дејност | ЗВЗД | 0 | 11 | 0 | 11 |
| 8 | Закон за пасишта | ЗП | 0 | 42 | 0 | 42 |
| 9 | Закон за контрола на опојни дроги и психотропни супстанци | ЗКОДПС | 0 | 4 | 0 | 4 |
| 10 | Закон за земјоделско земјиште | ЗЗЕЗ | 0 | 193 | 0 | 193 |
| 11 | Закон за виното | ЗВИ | 0 | 79 | 7 | 86 |
| 12 | Закон за семенски и саден материјал за земјоделски растенија | ЗССМЗР | 0 | 132 | 8 | 140 |
| 13 | Закон за квалитет и безбедност на ѓубрива, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата | ЗКБЃБПСП | 0 | 131 | 9 | 140 |
| 14 | Закон за фитофармација | ЗФФ | 80 | 198 | 12 | 290 |
| 15 | Закон за здравјето на растенијата | ЗЗР | 100 | 238 | 12 | 350 |
| | ВКУПНО | | 180 | 1457 | 289 | 1926 |

## Цели кои треба да се остварат со инспекцискиот надзор

Со инспекцискиот надзор ќе се остварат:

- Ефикасно имплементирање на законската регулатива, зголемување на економскиот раст и конкурентноста на трајна основа, пораст на животниот стандард и начинот и квалитетот на живот на населението,
- Зголемување на бројот на инспекциските надзори, со цел зголемување на имплементацијата на позитивната законската регулатива,
- Борба против криминалот и корупцијата и ефикасно спроведување на правото сé со цел спроведување на функционална пазарна економија на реална основа,
- Развој на модерна, ефикасна, ефективна и економична инспекција со високо ниво на етика и некорумпираност, како клуч за успешна реформа во земјоделството,

Државниот инспекторат за земјоделство, врз основа на Законот за инспекциски надзор, ќе донесува програмски и извештајни (аналитичко – информативно) документи, кои на секторско ниво треба да бидат доставувени до задолжени лица во дадените рокови, и тоа:

| Документ | Период | Рок за доставување |
|---|---|---|
| **Месечни планови за инспекциски надзор** | јануари – декември 2026 година | До 25-ти декември 2026 (за јануари 2027 година) и континуирано до 25-ти во месецот за следниот месец (февруари – декември 2026 година) |
| **Шестмесечни извештаи** | јануари – јуни,<br>јануари – декември 2026 година | 15-ти јули 2026 (јануари-јуни 2026 година),<br>15-ти јануари 2027 (јануари –декември 2026 година) |
| **Годишен план за работа** | За 2027 година | До 25-ти ноември 2026 |
| **Регистар на извршени инспекциски надзори (РЕГ-6 – РИИ)** | јануари – декември 2026 година | Континуирано до 5-ти во месецот за претходниот месец;<br>декември 2026 до 5-ти јануари 2027 година |
| **Оценка на учинок на инспектор** | јануари – декември 2026 | До 20-ти јануари 2027 година |

Изготвените документи од страна на секторите ќе се доставуваат до Министерството согласно законските рокови, за информирање, усвојување, одобрување и понатамошно постапување пред надлежните органи на државата.

## V. Обука на инспекторите и административните службеници

Вложувањето во човечки ресурси е клучна инвестиција за одржлив развој на компетентна администрација. Тоа подразбира развој на знаења и вештини, следење на современите методи на работа и примена на новини од информатичко-комуникациските технологии.

Обуките за стручно усовршување можат да бидат генерички или специјализирани, организирани во училница или преку интернет, преку електронскиот систем за управување со обуки (LMS).

Инспекторите во Државниот инспекторат за земјоделство, имаат право и должност стручно да се оспособуваат за извршување на своите работи и работни задачи во согласност со Годишната програма за стручно оспособување и усовршување во областа на инспекцискиот надзор (*Дополнителна Табела 6-1 - Годишна план за обуки на државните земјоделски и фитосанитарни инспектори во Државниот инспекторат за земјоделство за 2026 година*).

За државните фитосанитарни инспектори се предвидуваат континуирани обуки кои ќе резултира за повисок квалитет на извршената работа од областа на фитосанитарната политика, преку проектите на USAID, FAO, BTSF и др.

***Дополнителна Табела 6-1 Годишна план за обуки на државните земјоделски и фитосанитарни инспектори во Државниот инспекторат за земјоделство за 2026 година***

| Број | Тема | Целна група *(број на* | | Времетраење (час/ден) | Начин на реализација Комбинирана (училница/онлајн) | | Проценети Финансиски | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ДИЗ | ДФИ | | on-line учење во „живо“ | on-line самостојно учење ЛМС/zoom платформа | Буџет на органот | Други извори |
| **Специјализирана обука** | | | | | | | | |
| 1 | 1.1 (Закон за земјоделство и рурален развој) | 0 | 0 | 6 | Јан/Дек | Јан/Дек | X | X |
| 2 | 1.2 (Закон за квалитетот на земјоделските производи) | 26 | 0 | 6 | Јан/Дек | Јан/Дек | X | X |
| 3 | 1.3 (Закон за тутун, производи од тутун и сродни производи) | 26 | 0 | 6 | Јан/Дек | Јан/Дек | X | X |
| 4 | 1.4 (Закон за органско земјоделско производство) | 0 | 0 | 6 | Јан/Дек | Јан/Дек | X | X |
| 5 | 1.5 (Закон за земјоделско земјиште) | 21 | 0 | 6 | Јан/Дек | Јан/Дек | X | X |
| 6 | 1.6 (Закон за рибарство и аквакултура) | 21 | 0 | 6 | Јан/Дек | Јан/Дек | X | X |
| 7 | 1.7 (Закон за зоотехника) | 0 | 0 | 6 | Јан/Дек | Јан/Дек | X | X |
| 8 | 1.8 (Закон за пасишта) | 0 | 0 | 6 | Јан/Дек | Јан/Дек | X | X |
| 9 | 1.9 (Закон за контрола на опојни дроги и психотропни супстанци) | 0 | 0 | 6 | Јан/Дек | Јан/Дек | X | X |
| 10 | 1.10 (Закон за виното) | 23 | 0 | 6 | Јан/Дек | Јан/Дек | X | X |
| 11 | 1.11 (Закон за семенски и саден материјал за земјоделски | 23 | 0 | 6 | Јан/Дек | Јан/Дек | X | X |
| 12 | 1.12 (Закон за квалитет и безбедност на ѓубриња, | 0 | 0 | 6 | Јан/Дек | Јан/Дек | X | X |
| 13 | 1.13 (Закон за фитофармација) | 0 | 49 | 12 | Јан/Дек | Јан/Дек | X | X |
| 14 | 1.14 (Закон за здравје на растенијата) | 0 | 49 | 18 | Јан/Дек | Јан/Дек | X | X |

| Број | Тема | Целна група (број на | | Времетраење (час/ден) | Начин на реализација Комбинирана (училница/онлајн) | | Проценети Финансиски | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ДИЗ | ДФИ | | on-line учење во „живо“ | on-line самостојно учење ЛМС/zoom платформа | Буџет на органот | Други извори |
| **Генерички обуки на инспекторите** | | | | | | | | |
| 1.1 | 1.1 Начела и организација, права, обврски и овластувања на инспекторите (Закон за инспекциски надзор) | | | 6 | 9-та седмица | Јан/Дек | | X |
| 1.2 | 1.2 Инспекциски надзор (Закон за инспекциски надзор и Упатство за начинот на спроведување на инспекциски надзор) | | | 12 | 11-та и 12-та седмица | Јан/Дек | | X |
| 1.3 | 1.3 Одговорност и санкции, постапки (Закон за прекршоци) | | 49 | 6 | 16-та седмица | Јан/Дек | | X |
| 1.4 | 1.4 Постапување по претставки и предлози, прекршочни | 23 | | 6 | 21-ва седмица | Јан/Дек | | X |
| 1.5 | 1.5 Канцелариско работење, архивско работење (Уредба за | 21 | 49 | 6 | 24-та седмица | Јан/Дек | | X |
| 1.6 | 1.6 Компјутерска обработка на текст | 21 | | 6 | 38-ма седмица | Јан/Дек | | X |
| 1.7 | 1.7 Компјутерска обработка и табеларни пресметки | 21 | | 6 | 39-та седмица | Јан/Дек | | X |
| 1.8 | 1.8 Етика | 11 | | 6 | 41-ва седмица | Јан/Дек | | X |
| 1.9 | 1.9 Управување со време | 6 | | 6 | 43-та седмица | Јан/Дек | | X |
| 1.10 | 1.10 Комуникација | 11 | 49 | 6 | 45-та седмица | Јан/Дек | | X |
| 1.11 | 1.11 Управување со стрес | 23 | | 6 | 47-ма седмица | Јан/Дек | | X |
| 1.12 | 1.12 Надлежности на Државната Комисијата за одлучување во | | | 6 | 48-ма седмица | Јан/Дек | | X |
| 1.13 | 1.13 Спречување на корупција | 47 | | 6 | 49-та седмица | Јан/Дек | | X |
| 1.14 | Тема 1.14 - Систем на интегритет во инспекциските служби | 26 | | 6 | 50-та седмица | Јан/Дек | | X |
| 1.15 | Тема 1.15 - Информатички Систем за спроведување на инспекциски надзор (Е-ИНСПЕКТОР) | | | 6 | 51-та седмица | Јан/Дек | | X |
| 1.16 | Тема 1.16 - Пријавување на кривично дело против субјект на инспекциски надзор и пријавување на корупција при | | | 6 | 52-та седмица | Јан/Дек | | X |

Во согласност со член 50 став 1 од Законот за инспекциски надзор и член 10 став 2 од Законот за државниот инспекторат за земјоделство, директорот на Државниот инспекторат за земјоделство донесе Годишен план за индивидуално стручно усовршување и обука на секој инспектор за 2026 година (архивски број 04-799/2 од 17.11.2025 година).

Генеричките обуки за инспекторите за 2026 година се изготвени од страна на Инспекцискиот совет (член 49 став 3 од Законот за инспекциски надзор, арх. број 02-628/1 од 24.06.2025 година), користејќи ги податоците од претходните реализирани обуки и проценетите потреби за развој на професионалните и стручните компетенции на инспекторите.

Планот за обука ќе ја реализираат односно обуките ќе бидат изведувани од страна на именувани обучувачи од редот на административни службеници, вклучувајќи искусни инспектори од раководните нивоа, како и од надворешни стручни лица, кои треба да поседуваат соодветно искуство и знаење за модулот/темата на обука.

Главната цел на Годишниот план за индивидуално стручно усовршување и обука на секој инспектор за 2026 година, е надградување на основните компетенции и вештини на инспекторите, со што ќе се овозможи постигнување на високи перформансии помош во нивниот професионален развој.

## VI. Буџет и финансирање

Врз основа на предлог Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година, Државниот инспекторат за земјоделство планира да располага со буџет во вкупен износ од *214.500.000.00* денари, од кои за:

***Дополнителна Табела 7 Преглед на предлог буџет на Државниот инспекторат за земјоделство за 2026 година***

| Ставка | Опис | Планиран буџет (денари) | Одобрен буџет (денари) |
|---|---|---|---|
| 40 | Плати и надоместоци | 148.000.000.00 ден. | 0.00 ден. |
| 42 | Стоки и услуги | 47.500.000.00 ден. | 0.00 ден. |
| 46 | Субвенции и трансфери | 3.000.000.00 ден. | 0.00 ден. |
| 48 | Капитални расходи | 16.000.00.00 ден. | 0.00 ден. |
| Вкупно | | 214.500.000.00 ден. | 0.00 ден. |

## VII. Меѓународна соработка

Инспекторатот во рамките на своето работење, со цел полесно приближување кон ЕУ, континуирано ќе соработува со внатрешните и надворешните институции кои ги покриваат областите од надлежност на Инспекторатот, при што ќе продолжи користењето на склучените меморандуми за соработка со надлежни институции.

**Главни активности за 2026 година**:

1. Поддршка на процесот на ЕУ интеграција:

- Планирање и координација на реализацијата и мониторингот на НПАА во делот на инспекторатот;
- Учествување во работни групи за НПАА во следните поглавја:
- Поглавје 11 – Земјоделство и рурален развој;
- Поглавје 12 – Безбедност на храна, ветеринарство и фитосанитарна политика;
- Поглавје 13 – Рибарство;

- Утврдување на надлежности за имплементација на ЕУ мерки;
- Идентификување потреби за превод и ревизија на ЕУ акти;
- Подготовка на извештаи за прогресот на реализацијата на НПАА;
- Соработка со надворешни институции и давање мислења по нормативните акти поврзани со ЕУ правото;
- Учествување во подготовка на закони во процесот на апроксимација на ЕУ правото.

2. Фитосанитарна политика и стандарди:

- Продолжување на имплементацијата на меѓународните фитосанитарни стандарди и барања на државите;
- Интензивирање на соработката со земјите членки на ЦЕФТА, со редовни состаноци на работни групи, хармонизација на процедурите и олеснување на трговијата со свежо овошје и зеленчук;
- Продолжување на имплементацијата на SEED+ системот за електронска размена на информации и заеднички профил на ризик за дрвен материјал за пакување.

3. Иницијатива Отворен Балкан и регионална соработка:

- Во моментов трите држави (Северна Македонија, Албанија и Србија) ја водат и развиваат иницијативата која има политика на отворени врати, особено за

другите земји од Западен Балкан како Црна Гора, Босна и Херцеговина и Косово, но и за другите земји од регионот – членки на ЕУ.
- Со поврзувањето се овозможува развој на нашите економии, за заеднички регионален и единствен пазар без ограничувања, без бариери, без граници со цел негов долгорочен развој кој ќе донесе подобар живот за сите граѓани.

**Цели**

Сите планирани активности ќе овозможат усогласување со ЕУ стандарди, подобрување на меѓународната соработка во фитосанитарната област и олеснување на трговските процеси, со што ќе се поттикне стабилноста и конкурентноста на земјоделскиот сектор во Република Северна Македонија.

## VIII. Други активности на инспекциската служба

### VIII.1. Начело на транспарентност и јавност

Во 2026 година, Инспекторатот ќе продолжи да ги применува принципите на транспарентност и јавност, согласно закон. На барање на заинтересираните правни и физички лица, Инспекторатот ќе обезбедува информации кои се однесуваат на безбедноста на крајните корисници и ризиците по животот и здравјето на луѓето и животните, со исклучок на информациите за кои законски е ограничен пристапот.

За подобрување на односите со граѓаните и зголемување на задоволството од услугите на Инспекторатот, во 2026 година ќе се користи Граѓанскиот дневник на Државниот инспекторат за земјоделство (*https://diz.gov.mk/wp-content/uploads/02021/01/02-548-од-17-06-2020-Граѓански-дневник-compressed.pdf*), кој обезбедува:
- Лесен пристап на граѓаните до услугите кои ги засегаат;
- Можност за оценка на квалитетот на услугите;
- Јавна обврска на Инспекторатот кон граѓаните за стандардите на услугите.

Во 2026 година, Инспекторатот ќе продолжи со спроведување на Планот за спречување на корупција, кој ќе опфаќа:
- Идентификување и управување со етичките дилеми и ризици од корупција;
- Применување на конкретни внатрешни и независни контролни механизми;
- Редовни и повремени ненајавени ревизии во работните процеси;
- Континуирано спроведување и надзор на активностите за спречување на корупција.

Во согласност со Законот за заштита на укажувачи и Правилникот за заштитено надворешно пријавување, во 2026 година, Инспекторатот ќе обезбеди:
- Прием и обработка на пријави од укажувачи;
- Соодветно издвојување и анализа на податоците од пријавите;
- Заштита на личните и другите податоци на укажувачите.

**Цели**

Сите активности ќе придонесат за зголемување на довербата на граѓаните во работата на Инспекторатот, обезбедување на етичко и законито работење и континуирано подобрување на транспарентноста, јавноста и интегритетот на институцијата.

## VIII.2. Односи со медиумите

Во 2026 година, Државниот инспекторат за земјоделство ќе спроведува активности за ефикасна комуникација со медиумите и јавноста, со цел информирање на граѓаните и институциите за нивните права и обврски во областа на земјоделството.

**Планските активности вклучуваат:**

- Организирање средби со институции (директори, градоначалници на општини, владини лица и др.) и граѓани за обезбедување поддршка и информации за остварување и заштита на правата на граѓаните;
- Редовно одржување на отворени средби („Отворени денови" и „Патувачки караван") во повеќе населени места низ државата;
- Подготовка и доставување соопштенија до медиумите, кои ќе бидат објавувани во дневните информативни изданија и на интернет портали;
- Продолжување на функционирањето на порталот за електронска комуникација (Е-фитосанитарни барања/пријави), кој овозможува поднесување барања/пријави за:
  - Издавање фитосанитарен сертификат за извоз / реекспорт;
  - Пасоши за растенија (вклучително замена на пасоши);
  - Фитосанитарен преглед на пратки растенија, растителни производи, фитофармацевтски производи и ѓубрива при увоз / транзит.

- Продолжување на користењето на EXIM системот – едношалтерски систем за дозволи за увоз, извоз и транзит на стоки и тарифни квоти, овозможувајќи одобрување и издавање на дозволите по спроведени контроли;
- Издавање на следните документи при увозни постапки:
  - Лиценца I005 – Потврда за органолептички преглед и земени мостри при увоз на растително потекло;
  - Лиценца I009 – Влезен документ за репродуктивни животни и приплоден материјал.
- Објавување на податоците создадени во рамките на надлежностите на Инспекторатот на порталот за отворени податоци (https://data.gov.mk/);
- Продолжување на соработката со здруженијата на земјоделците, вклучително обезбедување можност за пријавување на теренски неправилности преку бесплатен телефонски број (080011000) или на телефонскиот број 02/3121-462 - контакт со инспекторатот.

**Клучни пораки за комуникација со јавноста:**

- Инспекторите и Инспекторатот се посветени на заштита на правата на граѓаните и бизнис секторот, како и на почитување на правото;
- Инспекторите се транспарентни во работењето;
- Инспекторите постапуваат совесно и одговорно;
- Реформите во инспекцискиот систем ја подобруваат секојдневната работа на граѓаните и условите за бизнис секторот.

## VIII.3. Интернет страница

Во 2026 година, Државниот инспекторат за земјоделство ќе продолжи со обезбедување на информации во електронска форма до граѓаните преку својата интернет страница www.diz.gov.mk.

**Планските активности вклучуваат:**

- Редовно ажурирање на страницата со податоци и информации поврзани со работењето на Инспекциската служба;
- Обезбедување на електронски услуги и информации кои се од корист за граѓаните, вклучително процедури за поднесување барања и известувања;
- Продолжување со користење на официјалната ***Facebook страница*** за отворена и конструктивна комуникација со јавноста, споделување на информации за тековните активности, промоција на услуги и собирање повратни информации од граѓаните;
- Препораки за користење на дигиталните канали за навремено и транспарентно информирање на граѓаните за активностите и услугите на Инспекторатот.

## VIII.4. Употреба и надградби на ИТ системите

Врз основа на реализираните активности до јули 2025 година, во текот на 2026 година Државниот инспекторат за земјоделство ќе продолжи со развој и надградба на ИТ системите со цел подобрување на ефикасноста и дигитализацијата на инспекциските процеси.

1. Систем SEED+ и IPPC PhytoHub

Целосно оперативно користење на електронските фитосанитарни сертификати преку SEED+ и IPPC PhytoHub, со:

- двонасочна размена на сертификати со сите земји од ЦЕФТА,
- размена со земјите на крајна дестинација,
- електронска размена на пропратни документи за свежо овошје и зеленчук,
- издавање на дигитални фито сертификати.

Целосно интегрирање и употреба на новиот систем, кој ќе обезбеди:

- ефикасна размена на податоци со сите релевантни институции,
- автоматизирано складирање и архивирање на инспекциски акти,
- побрза обработка и анализа на податоците,
- олеснета координација на инспекторите на терен.

2. Надградби на FIDIS системот

Планирани надградби за 2026 година:

- дополнително унапредување на модулот за анализа на ризик,
- воведување статистички модули,
- систем за автоматско известување и мониторинг,
- прилагодување кон нови ЕУ прописи и стандарди.

3. FIDIS

Во текот на 2026 година ќе се продолжи со користење на FIDIS за барања и документи за тутун и вино, со разгледување можности за:

- подобрување на аналитиката,
- интегрирање на FIDIS системот (модулите за тутун и вино) со националната платформа uslugi.gov.mk преку која бизнис заедницата ќе има можност да добива и дигитални сертификати за извоз на вино и сертификат за квалитет,
- развој на нови подмодули доколку се утврди потреба.

4. Интегрирана софтверска апликација на Инспекторатот (ДМС)

Развој на нова интегрирана апликација која ќе ги поврзе:

- државните земјоделски инспектори,

- граничната и внатрешната фитосанитарна инспекција,
- административните сектори.

Апликацијата ќе овозможи:

- централизирано управување со предмети и контроли,
- автоматизирање на работните процеси,
- полесно генерирање на извештаи,
- усогласеност со ЗИН, ЗОУП и Уписникот ИП1.

**Цел на активностите**

Надградбата и интеграцијата на ИТ системите ќе овозможи:

- побрза и потранспарентна обработка на информации,
- намалување на административното оптоварување,
- унапредување на квалитетот на инспекциските услуги,
- подобрена координација меѓу институциите,
- дигитална трансформација на инспекциските процеси.

## VIII.5. Иновации во работењето, унапредување и воведување на интерни процедури и листи за проверка во инспекциската служба

Во 2026 година, Државниот инспекторат за земјоделство ќе продолжи со иновации и унапредување на работењето преку развој и примена на интерни процедури.

Со ажурирање и воведување на интерни процедури и листи за проверка, инспекциската служба ќе обезбеди унапредена ефикасност, стандардизација на процесите, намалување на ризикот од грешки и подобра транспарентност кон субјектите на надзор.

Стандардните оперативни процедури за работа на фитосанитарната инспекција се изработени во соработка со Светска Банка, истите се финализирани и се одобрени од страна на директорот на Државниот инспекторат за земјоделство за задолжителна употреба од страна на државните фитосанитарни инспектори при спроведување на нивните секојдневни акитивности. Истите потребно е да бидат континуирано ажурирани согласно законските измени.

Подготовка на месечни извештаи од страна на раководните структури до лицето назначено за интегритет, примање подароци и судир на интереси, со цел да се има постојан увид и да се следи состојбата во Инспекторатот во однос на овие аспекти, односно Антикорупцискиот план.

Преиспитување на контекстот на организацијата на инспекциската служба на годишен состанок на кој секој раководител на сектор/одделение на состанокот интерно утврдува дали со одредени законски регулативи и промени на законите и подзаконските акти (екстерен фактор), ќе има влијание на стратешките определби и целите на ДИЗ. Раководителите на сектори/одделенија вршат континуирано преиспитување и надгледување на контекстот на организацијата на инспекторатот.

## VIII.6. Соработка со други инспекциски служби и државни институции

Државниот инспекторат за земјоделство, поради широкиот спектар на законски овластувања, соработува со институции како:

- Царинска управа на РСМ
- Министерство за внатрешни работи (МВР)
- Национален координативен центар за гранично управување (НКЦГУ)
- Агенција за храна и ветеринарство (АХВ)
- Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР)
- Централен регистар на РСМ
- Управа за јавни приходи (УЈП)
- Државен инспекторат за животна средина и природа (ДИЖС)
- Агенција за вработување на РСМ (АВРМ)
- Финансиска полиција и други.

Инспекторатот има потпишано меморандуми за соработка со АХВ, Царинската управа, Централниот регистар и АВРМ, со размена на податоци според потреба. Во моментот нема заеднички системи или методологии, кои би биле важни за понатамошно унапредување на работењето.

## VIII.7. Соработка со бизнис заедницата и здруженија на потрошувачите

Инспекторатот делува превентивно и е отворен за соработка со земјоделски здруженија и невладини организации, меѓу кои:

- Здруженија на тутунопроизводители;
- Федерација на фармери на РСМ;
- Здруженија на оризопроизводители;
- Групација на мелничко-пекарската индустрија;
- Стопанска комора на РСМ;
- Здружение на лозаро-производители и др.

Целта е градење партнерски однос со бизнис заедницата, со пораки како:

- „Инспекцијата го подобрува Вашето работење"
- „Инспекторите работат во Ваша полза"

Вработените ќе се однесуваат професионално и со високо ниво на исполнување на задачите:

- „Професионални инспектори за професионални бизниси и институции".

## VIII.8. Соработка со образовни и научни институции

Државниот инспекторат за земјоделство одржува континуирана и интензивна соработка со образовните и научните институции од областа на земјоделството, меѓу кои се: Факултетот за земјоделски науки и храна – Скопје, Земјоделскиот факултет – Штип, Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје и други релевантни научни установи.

Инспекторатот има склучено **Меморандуми за соработка** со трите водечки научно-образовни институции во земјата:

- Меморандум за соработка со **Факултетот за земјоделски науки и храна**, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, склучен на **08.02.2018 година**;
- Меморандум за соработка со **Земјоделскиот факултет**, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, склучен на **13.12.2022 година**;
- Меморандум за соработка со **ЈНУ Институт за тутун – Прилеп**, Универзитет „Св. Климент Охридски" – Битола, склучен на **25.01.2023 година**.

Овие партнерства овозможуваат размена на стручни знаења, научни информации и практични искуства меѓу Инспекторатот и академската заедница. Интензивирањето на соработката придонесува за континуирано надградување на стручните и техничките знаења на вработените, овозможува следење на современи технологии, нови научни достигнувања и подобрени инспекциски практики.

**Плански активности за 2026 година**

Врз основа на постојната соработка, во 2026 година Државниот инспекторат за земјоделство планира понатамошно унапредување и проширување на партнерствата со образовните и научните институции преку следните активности:

1. Продлабочување на постојните партнерства
   - Организирање на заеднички стручни семинари, предавања и работилници со сите три високообразовни институции.
   - Продолжување на соработката за запознавање со нови научни публикации и истражувања релевантни за земјоделството, фитосанитарната и инспекциската практика.
2. Стручни обуки и професионален развој
   - Вклучување на инспекторите во програми за стручни обуки и тренинзи организирани од факултетите и научните институти.
   - Планирање на специјализирани обуки за модерни технологии, лабораториски методи и дигитални алатки за инспекциска работа.
3. Практична соработка и теренска работа
   - Организација на заеднички теренски активности, практични демонстрации и експертски консултации за прашања од фитосанитарен, земјоделски и технички карактер.
   - Вклучување на научни работници во советодавна улога при спроведување на сложени инспекциски постапки кога е потребно високо техничко знаење.
4. Поддршка за студенти и млади истражувачи
   - Овозможување практична настава и теренска пракса за студенти од земјоделските и ветеринарните факултети.
   - Поддршка на студентски истражувања и проекти поврзани со области под надлежност на Инспекторатот.
5. Иницирање нови форми на академска соработка
   - Потпишување дополнителни анекси или проширување на постојните меморандуми за соработка.
   - Разгледување можност за учество во заеднички проекти финансирани од ЕУ, ЦЕФТА или други меѓународни програми.

## VIII.9. Проекти

Државниот инспекторат за земјоделство активно учествува во бројни проекти финансирани од ИПА, CEFTA, SEED + и други, со цел подобрување на работата на државните земјоделски и фитосанитарни инспектори, хармонизирање со европските практики и унапредување на инспекциските процеси преку обуки, работилници, прирачници, протоколи и стандардни оперативни процедури.

Во 2026 година Државниот инспекторат за земјоделство ќе продолжи со реализација на повеќе проектни активности кои произлегуваат од тековните регионални и меѓународни иницијативи и тоа:

1. Продолжување на активностите поврзани со SEED+ и IPPC ePhyto Hub
   - целосно оперативно користење на електронските фитосанитарни сертификати;
   - проширување на двонасочната размена на документи со сите земји од ЦЕФТА;
   - редовно ажурирање на техничките специфики и интеграцијата со националните ИТ системи;
   - обуки за инспекторите за користење на новиот дигитален модел.
2. CEFTA – овошје и зеленчук (продолжени активности)
   - дополнителни технички обуки за инспектори за приоритетни штетни организми;
   - ажурирање и примена на изработените прирачници;
   - теренски работилници за подобрување на мониторингот и надзорот;
   - подобрување на анализа на ризик за пратките кои циркулираат во регионот.
3. DG SANTE проект – продолжено усогласување со ЕУ регулативи
   - подготовка на дополнителни законски измени и подзаконски акти;
   - примена на ЕУ практики во здравјето на растенијата;
   - дополнителни обуки и работилници за професионален развој.
4. Проект со Светска банка (NSW – National Single Window)

   Како дел од WBTTFP, во 2026 продолжуваат обврските на Инспекторатот:
   - имплементација на новиот модел на национален едношалтерски систем;
   - учество во процесите за тестирање, интеграција и валидација со системите на други институции;
   - обуки за работа со NSW;
   - поддршка во развојот на нови деловни процеси и процедури;
   - учество во следење и евалуација на системот.
5. Продолжување на капацитетско јакнење
   - специјализирани обуки од ЕУ експерти,
   - обуки за анализа на ризик,
   - имплементација на нови SOP и протоколи,
   - поддршка за дигитализација на инспекциските служби.
6. IPA Twinning проект "MK 24 IPA AG 01 24"

Твининг проект за зајакнување на фитосанитарниот систем продолжува со активности во 2026 година:

- усогласување на фитосанитарните процедури и законодавството со ЕУ-стандарди;
- подобрување на системите за мониторинг, контрола и управување со фитосанитарни ризици;
- подобрување на мониторинг системите за болести, штетници и карантински организми; вклучително ризик-базирани контроли, превенција, брз одговор при закани, и сл.
- учество во развојот и тестирањето на Фитосанитарниот Информативен Систем (Phytosanitary Information System, PIS);
- учество на обуки и јакнење на административните и инспекциските капацитети;

- поддршка на процесите за сертификација и контрола на семенски и саден материјал, како и за маркетинг/маркет-контрола на растителни производи според новите стандарди,
- развој на систем за техничка поддршка и советодавни услуги за земјоделци (заштита на растенија, интегрирани мерки, поефикасна и одржлива употреба на пестициди/фитофармацевтски средства).

Вработени од Државниот инспекторат за земјоделство активно се вклучија во ЕУ проектот за усогласување и имплементација на европското законодавство во областа на рибарството и аквакултурата на Република Северна Македонија.

*Изработувачи:*

- Дана Милошевска – раководител на одделение
- д-р Мери Петреска – раководител на одделение

**Приматели следните организациони единици во Инспекторатот:**

- Сектор за инспекциски надзор од областа на рибарството со аквакултурата, сточарството, пчеларството, земјишната политика со поледелско производство;
- Сектор за инспекциски надзор од областа на семе, саден материјал, производи за заштита на растенија, квалитет и безбедност на ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата, цвеќе, генетски модифицирани организми и вино со лозарство;
- Сектор за инспекциски надзор од областа на земјоделството и руралниот развој, органско производство, тутун и тутунски производи и квалитет на земјоделски производи;
- Сектор за инспекциски надзор од областа на фитосанитарната политика;
- Сектор за проекти и административна поддршка на директорот;
- Сектор за логистика и техничка поддршка, правни работи, планирање и обработка на податоци